ДЕКАЛОГ НА ЕВРОПСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ

4

# БУЈАР ОСМАНИ

ИСКУСТВО, ЧЕСНОСТ, ПОСВЕТЕНОСТ!

## Европски Претседател!



ФРОНТ ЗА ЕВРОПА



# ДЕКАЛОГ НА ЕВРОПСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ

## БУЈАР ОСМАНИ





# ДЕКАЛОГ НА ЕВРОПСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ

## I. Темели на програмата

1. Компас на геостратешката ориентација на земјата
2. Сврзно ткиво на етничките и политичките наративи
3. Улога на креатор на државен консензус

## II. Завети

1. ЕУ 2030
   - А. Формирање на консензус за ЕУ
   - Б. Отворање поглавја 2024
   - В. Северна Македонија земја членка на ЕУ до 2030
   - Г. Повеќе интеграција пред членство
2. Избор на Претседателот во Собрание, со Бадентер
3. Партнерство и стратешки дијалог со САД
4. Армија на Република Северна Македонија
5. Меѓународен борд САД, ЕУ, НАТО за сертифицирање на сите носители на јавни функции
6. Рамковен економски договор
7. Надворешна политика
8. Државен план за перспектива на младите и нивно задржување во земјава
9. Зелена агенда и безбедност
10. Образование и иновации

## I. ТЕМЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

# 1. Компас на геостратешката ориентација на земјата

Република Северна Македонија веќе четири години е полноправна членка на НАТО и успешно се интегриравме во безбедносниот и политичкиот систем на Алијансата.

**Тоа е суштинска придобивка. Државата е далеку постабилна и помалку изложена на надворешни безбедносни закани, но и далеку позначаен фактор во меѓународните односи.**

Оваа стекната доверба и авторитет кај сојузниците, придонесува земјава но и регионот да бидат цел на геополитички натпревар кој се одвива на глобалната сцена. Република Северна Македонија е под силна закана на т.н. алтернативни центрите на моќ, предводени но не ограничени на руското влијание, чии интереси не се совпаѓаат со стратешките интереси на земјава.

Руската федерација, покрај противењето на интеграцијата на земјите од Западниот Балкан во НАТО, веќе и официјално ги поставува и проширувањето на Европската Унија во нашиот регион, како закана за националните интереси на Русија, а усогласувајќи се со демократските земји во отворената поддршка кон Украина и против руската агресија, Северна Македонија и официјално стана дел од списокот на Кремљ како непријателска земја. Хибридното влијание кое и сега се чувствува, само ќе се засилува соодветно на руските интереси за дестабилизација на регионот.

Оттука, прва и најважна улога која идниот Претседател на државата треба да ја има е да го задржи евроатлантскиот курс на земјата, **и да ѝ КАЖЕ НЕ на Русија и нејзиното влијание во регионот** зголемувајќи ја отпорноста на земјата од малигни и штетни надворешни влијанија.





**Тоа е суштинска придобивка.** Државата е далеку **постабилна** и помалку изложена на надворешни безбедносни закани, но и далеку **позначаен фактор во меѓународните односи.**


BOSCH

# 2. Сврзно ткиво на етничките и политичките наративи

**Од самото осамостојување пред повеќе од 30 години, земјата се наоѓа во постојана политичка криза предизвикана од недостаток на политички дијалог по неколкуте дијагонали на политичкиот дискурс.**

- Првата е **етничката дијагонала,** која долги години претставуваше извор на конфликт меѓу различните заедници во земјата, претставувајќи пречка за суштински напредок и прогрес на општеството. Моделот на Функционална Мултиетничка Демократија, целосно вграден во духот на Охридскиот Рамковен Договор, претставува клучниот извор на стабилност на земјата.

Одржувањето на функционално мултиетничко општество претставува **врвен и безбедносен интерес,** на чии основи лежи долгорочната стабилност и безбедност на земјата. Оттука се и очекувањата, дека сите удари од надвор ќе бидат насочени кон разнишување на темелите на овој модел, со кои би се разнишале и столбовите кои ја одржуваат цврстината на земјата во справувањето со предизвиците.

- Втората е политичката дијагонала, внатре во рамките на етникумите. Секоја развиена демократија посебно го негува внатрешниот политички дијалог кога се работи за изградбата на консензус по клучните прашања. Од аспект на успешноста на политичкиот дијалог, скоро низ целиот период од своето постоење, може да се каже дека Република Северна Македонија е земја во постојана политичка криза. Колку и да се трудиме, не можеме да одредиме период кога земјата има постигнато политички консензус за некои од клучните прашања, без тоа да биде исклучок постигнат преку силно влијание на меѓународните пријатели.

Улогата на идниот Претседател на земјата е да го прекине овој „маѓепсан круг" на меѓусебни обвинувања и да **воспостави јасни и прецизни механизми низ кои ќе се остварува суштинскиот политички дијалог во земјата, отстранувајќи ги дневните партиски агенди од прашањата со висок државен интерес.**

# 3. Улога на креатор на државен консензус

**Соодветно на сложениот систем на парламентарната демократија, особено во мултиетничките средини како нашата, Претседателот има значајна сврзувачка улога во општеството.**

Извршните ингеренции на Претседателот се разликуваат од оние на Извршната власт. Тие се преклопуваат во неколку полиња, надворешната политика, државна безбедност, и преклопувањето со останатите власти во земјата – судската, законодавната и цивилната контрола.

Тоа не е случајност, туку преку оваа поделба на ингеренции, Претседателот ја добива улогата на катализатор на политичките процеси, со цел превенција на политичките конфликти, деескалација на внатрешните судири и чувар на надворешната интеграција на земјата.

Ослободен од извршните и законодавни надлежности, политичката одговорност на Претседателот е во умешноста да создава сојузништва, да посредува и да креира изградбата на консензус во државата и да обезбеди стабилност и предвидливост во политичкиот натпревар.

Претседателот е гарант на **трите темелни договори** на кои почива демократијата и меѓународна позиција на Северна Македонија.

- **Рамковниот договор**
- **Преспанскиот договор со Република Грција**
- **Договорт за соработка и пријателство со Република Бугарија**






***Претседателот е гарант на трите темелни договори*** *на кои почива демократијата и меѓународна позиција на Северна Македонија.*




European

# II. Завети

# 1. ЕУ 2030

**Европската Унија донесе одлука за почеток на преговорите со Босна и Херцеговина. Претходно тој напредок во Европските интеграции беше забележан и кај Украина, Молдавија, а претходно, преговори започнаа Северна Македонија и Албанија.**

Самите претставници на Унијата, но и на клучните земји – членки посочуваат дека прашањето на интеграција на земјите кандидати претставува безбедносно–политичко, а не техничко-бирократско или економско прашање.

Оттука и овој нов прозорец на можности, кој несомнено е како последица од безбедносната криза настаната со руската агресија врз Украина. Овој прозорец има свој почеток, а тоа беше стартот на преговорите за Северна Македонија и Албанија. Од оваа гледна точка може да се очекува и затворање на новиот бран, како резултат на новата геополитичка динамика.

## А. Формирање на консензус за ЕУ

Отворањето на поглавјата значи и фокус на административно – државниот апарат кон темелни реформи и целосна адаптација на државата и општеството кон правилата, стандардите и вредностите на Европската Унија. Тоа е процес во кој се вклучуваат сите чинители на општеството, како што се независните институции, граѓанскиот сектор, академскиот, бизнис заедницата, младите итн.

Во многу наши блиски земји, кои се сега членки на Унијата, овој процес се смета за еден од најубавите периоди, кога земјата го доживува најголемиот прогрес, конвергирајќи на сите полиња кон стандардите и вредностите на Европската Унија. Тоа е период на суштински реформи, на значаен инфраструктурен напредок, значаен економски напредок; период на воспоставување ефикасен и функционален здравствен систем; силен напредок во образованието; исклучителен економски напредок по сите параметри, од раст на бруто производот, па се до раст на приходите, на платите, на бизнисите итн.

Успехот да се извлече максимум од овој процес зависи од способноста да се создаде надпартиски и државен консензус по прашањето на европските интеграции. Оттука клучна улога во овој процес ќе ја има идниот Претседател, од чија умешност да создаде поволна основа за изградба на консензус ќе зависи и успешноста на овој процес. Затоа, како Претседател ќе се заложам

# II. Завети

за потпишување договор меѓу сите проевропски сили во земјата и формирање на надпартиско координативно тело, како гарант на консензусот за Европа.

## Б. Отворање поглавја 2024

Не смееме да го пропуштиме овој прозорец на можности, и не за неколку години, туку веднаш по изборите треба да пристапиме кон усвојување на уставните дополнувања со цел отворање на кластерите и поглавјата во преговорите. Со тоа ќе ја искористиме последната шанса да не го пропуштиме овој историски моментум.

## В. Северна Македонија земја членка на ЕУ до 2030

Процесот на отворање на поглавјата треба да започне оваа година, и со оглед на досегашниот напредок во рамките не процесот на Стабилизација и Асоцијација, процесот на затворање на поглавјата не треба да трае повеќе од пет години.

Република Северна Македонија им над 40% усогласеност на домашното законодавство со европското АКИ, има 100% усогласеност со Заедничката безбедносна и надворешна политика на ЕУ, има силна институционална поврзаност од



заедничко гранично управување во рамките на Фронтекс, преку воспоставен безвизен режим, па до интеграција на финансиските системи и поврзаност со бројните европски механизми и функционални мрежи.

Оттука идниот Претседател треба да оформи посебна политичка поддршка за идниот Преговарачки тим, создавајќи политичка основа за брз тек на преговорите и имплементација на суштинските реформи со цел членство на земјата во ЕУ до 2030 година. Ќе се обврзам за директно вклучување на Претседателството во




преговарачките тимови, преку делегирање на експерти од страна на претседателот.

## Г. Повеќе интеграција пред членство

За разлика од претходните преговарачки процеси, сегашните земји кои преговараат ќе ја користат новата форма на преговарачка рамка, за која Унијата воспостави и посебен механизам за засилена интеграција, уште пред членството на земјите во Унијата.
Ова претставува неповторлива шанса уште во следните неколку години граѓаните да ги почувствуваат бенефитите од интеграцијата кон Унијата и пред официјалното зачленување. Тоа претпоставува значително зголемување на европските фондови кои претставуваат основен влог за успешно одвивање на реформите.

Претседателот ќе обезбеди политичка поддршка за посебни приоритети за институциите кои се задолжени за имплементација на овие можности. Тоа се пред сè институциите задолжени за мапирање, за распределба и за контрола на употребата на европските средства; институциите задолжени за имплементација на реформите, преговарачката структура и другите чинители.

Претседателот ќе го води овој процес согласно неговите надлежности, како катализатор на општествените текови, обезбедувајќи непречен политички тек за професионалната администрација.


EParliament-141

# 2. Избор на Претседателот во Собрание, со Бадентер

**Избирањето на Претседател на избори, повеќе одговара на држави кои имаат претседателскиот систем на уставниот поредок. Посебно овој модел не е соодветен за мултиетничките држави и е спротивен на духот на Рамковниот договор, кој обезбедува механизми за заштита од надгласување.**

Во последните триесет години, претседателот наместо да ја игра улогата на кохезивен фактор во државата, претставуваше извор на постојани ескалации и поларизации од кои тешко закрепнувавме.

Претседателот ќе иницира уставни измени за да се избере претседател во Собрание со двојно мнозинство – Бадентер, со што ќе се постигне политичка и етничка инклузивност што ќе гарантира дека Претседателот на државата ќе има доволно авторитет да ја игра улогата на креатор на етнички, политички и државен консензус.



# 3. Партнерство и стратешки дијалог со САД

**Зајакнување на  соработката на сите нивоа со главниот стратешки партнер Соединетите Американски Држави, како најголем поддржувач на независноста и стабилноста на нашата држава и тоа во 5-те клучни области:**

- Соработка во областа на безбедноста
- Владеење на правото
- Економска и трговска соработка
- Визниот режим
- Културна соработка

Подигнување на стратешкиот дијалог на ниво на претседатели на држави.





Mr. Tom Sullivan
Dr. Vilma Petkovska



***Обезбедување најмалку 2%*** *од бруто домашниот производ за* ***финансирање*** *на одбраната, согласно одлуките на* ***НАТО од Велс и Вилнус.***





# 4. Армија на Република Северна Македонија

**Подобрување на условите во армијата на Република Северна Македонија, нејзино опремување и функционирање согласно стандардите на НАТО.**

Обезбедување најмалку 2% од бруто домашниот производ за финансирање на одбраната, согласно одлуките на НАТО од Велс и Вилнус.

Техничка и тактичка подготвеност на армијата за справување со безбедносната закана на регионот од експанзионистичката политика на Руската Федерација.

Подготвеност за спротивставување на сите хибридни напади.

Правична застапеност на сите граѓани во рамките не редовниот и офицерскиот кадар на Армијата на Република Северна Македонија.

II. Завети

# 5. Меѓународен борд САД, ЕУ, НАТО за сертифицирање на сите носители на јавни функции



**Еден од клучните предизвици на земјава е справувањето со организираниот криминал и корупција. Бројните иницијативи за реформи на правосудниот систем не ја постигнаа целта.**

Претседателот ќе овозможи создавање услови за целосен ветинг на политичкиот и правосудниот систем. Со отворањето на првиот кластер, се отвораат и првите поглавја 23 и 24 кои се наменети за целосна реформа на правосудниот систем и воспоставување ефикасен систем за владеење на правото. Претседателот ќе ја искористи оваа можност за да обезбеди вградување ветинг за целиот систем  вклучувајќи ги сите носители на јавни функции со што ќе се зајакне довербата на граѓаните кон институциите.

Во оваа насока, Претседателот ќе иницира посебен Меѓународен управувачки борд, тело кое ќе биде поддржано од клучните меѓународни партнери: САД, Европската Унија и НАТО.

Двата клучни параметри по кои ќе се спроведе идниот ветинг се:

**а. Афилијација со Русија, како клучна безбедносна закана за земјата која директно ја поткопува системската стабилност на земјата**

**b. Корупцијата како клучен предизвик за воспоставување на успешен функционален систем на владеење на правото**


UNCLASSIFIED

# 6. Рамковен економски договор

**Претседателот ќе иницира создавање на консензус за потребата од рамковен економски договор.**

Преговорите за членство во ЕУ нудат можности за забрзан економски раст, и доближување со економските стандарди на Унијата. Иницијативите како Берлин процес, Планот за раст на ЕУ, Иницијатива 8 и многу други исто така даваат можности за отворање на нов економски циклус.

## Поврзана Економија

- Усогласување на надворешната политика со трговската и инвестиционата политика
- Договор меѓу Канцеларијата на Претседателот со стопанските комори за учество во најмалку 5 годишни економски мисии предводени од Претседателот.
- Брза трака за инвестиции од нашите иселеници, како и стимулативни мерки за нивно враќање дома
- Договор со десетте најдобро рангирани бизнис универзитети во светот за испраќање на најдобрите студенти со целосна стипендија, со предност на ранливите категории на граѓани
- Tax-refund за привлекување туристи и зголемување на потрошувачката на домашниот пазар
- Бизнис амбасадори на Северна Македонија

## Праведна Економија

- Анти-монополска и анти-дискриминаторна политика.
- Формирање на комисија за Investment Screening, посебно во областа на ИТ, Енергетика, Наменско производство, рударство и критична инфраструктура
- Дигитализацијата како механизам за намалување на корупцијата
- Осум Претседателски НОМАД центри по региони во земјата.









# 7. Надворешна политика

**Северна Македонија, промотор и придонесувач на регионалниот и мултилатералниот мир, стабилност и соработка**

Продолжување на активностите за професионализација на дипломатската мрежа, со гарантирање на стандардот, 2/3 (две третини) од амбасадорите да бидат професионални дипломати

Правична застапеност на персоналот во дипломатско конзуларните претставништва.

Реорганизација на дипломатско конзуларните претставништва согласно новата позиција и потребите на државата.

Членство на Република Северна Македонија во Советот за безбедност на Обединетите Нации како непостојана членка.

Продолжување на успешното наследство со ОБСЕ.

II. Завети

# 8. Државен план за перспектива на младите и нивно задржување во земјава

**Институционалниот и економски напредок треба да преставуваат основа за создавање на посебна политичка афирмација на политиките за млади.**

Овие младински политики ќе се фокусира на **Создавање перспектива** преку зајакнати образовни можности, но и активни мерки за претприемништво, старт-апи и вклучување во современите бизнис текови со цел задржување на фокусот на младите кон активностите и потенцијалите кои ги нуди земјата.

Иако претставуваат дел од самиот процес на преговори, соодветно и на политиката на засилена интеграција пред членство, претседателот ќе **формира посебен тим** за креирање, имплементирање и следење на младинските политики на државата.

Во кабинетот на претседателот, преку јавен повик и отворена конкуренција, како и со директно вклучување на претставници на младински организации, ќе се назначи Советник на Претседателот кој ќе биде исклучиво ангажиран за овие прашања.






JUST DO

# 9. Зелена агенда и безбедност

**Промоција, подигнување на јавната свест  и наметнување на Зелената агенда како доминанта современа политика на земјата.**

Поддршка на инвестициите во зелена енергија, преку зголемувањето на капацитетите за искористување на сончевата енергија, енергијата од ветер, и поддршка на проектите за искористување на водите и гасификација, како еколошко прифатливи енергенси, како трајна определба во намалување на употребата на високо загадувачките фосилни горива.

Претседателот ќе формира широко тело за Еколошка валидација кое ќе обезбеди ветинг на проектите кои имаа суштинско влијание на животната средина. Поддршка на иницијативи за промена на законодавството со кое ќе бидат заштитени природните ресурси и заштитените подрачја.

Активна соработка во редовни временски интервали со граѓанските еко здруженија, за идентификување на најважните еко предизвици и потреби.

# 10. Образование и иновации

**Постои директна и неколеблива врска помеѓу квалитетот на образованието, вложувањето во универзитетите, истражувачките центри и економскиот раст на државата. Претседателот, во рамките на своите овластувања, ќе се заложи за реформи и образовен модел кој ќе одговара на новите трендови на технолошката револуција предизвикани од развојот на вештачката интелигенција.**

Во следните 10 години над 40% од работните места ќе бидат делумно или целосно заменети поради воведувањето на вештачката интелигенција, на позиции за мануална работа, но и на креативни и советодавни позиции. Ова е промена која е задолжителна за следење. Мора да создадеме кадри кои ќе одговараат на тие потреби и да не ги подготвиме студентите за работни места кои нема да постојат утре, кога ќе дипломираат!

Затоа, во образовниот процес ќе предложам низа мерки насочени кон поттикнување на креативноста на учениците и студентите преку унапредување на техниките на наставниците и професорите; нудејќи образование и методологија за решавање на реалните проблеми преку развој и поттикнување на иновациите.

Затоа ќе предложам зголемување на буџетот за образование и особено за научно-истражувачка дејност, како и задолжително отворање на истражувачки центри на секој универзитет. Тие ќе имаат обврска да работат на современи теми и проекти. За таа цел планирам да ги искористам ресурсите на нашата многубројна квалификувана дијаспора. Оние млади луѓе, ученици, студенти, постдипломци, кои последниве години заминаа да студираат и работат во најразвиените европски и светски научни центри, можат да бидат голем потенцијал за нашата земја. На дел од овие млади луѓе државата им помогна и го финансираше нивното образование на 50-те најдобри универзитети во секоја област. Со јасна визија и лидерство можни се промени и реформи, а се и најбрзиот пат за достигнување на европските стандарди!




OSCE

БУЈАР ОСМАНИ

# ДЕКАЛОГ

ЕВРОПСКИ ПРЕТСЕДАТЕЛ



ФРОНТ ЗА
ЕВРОПА